# ПРИЛОЗИ V

09-58
23.12 11

05-2454
23.12.2011 год
Гостивар

ДОГОВОР

за превземање на железен отпаден материјал

Склучен на ден 22.12.2011 година помеѓу :

1. ДГПИ Пелагонија АД Гостивар увоз-извоз Гостивар, со седиште на бул.Браќа Ѓиноски бб Гостивар, со ЕМБС 5156432, ЕДБС 4007997114417 и жиро с-ка бр.300120000010021 депонент на Комерцијална Банка АД Скопје, претставувано од Генералниот Директор д.г.и. Смилковски Крсте со ЕМБГ 2907938473001 (во понатамошниот текст: Продавач) и
2. ЕКО-ОТПАД ДООЕЛ с.Маврово со седиште на ул.Индустриска зона бб Гостивар со ЕМБС 5635799, ЕДБС 4007002122536 и жиро с-ка бр. 210056357990153 депонент на Тутунска банка-Гостивар, претставувано од директорот Димовски Павле со ЕМБГ 1909986450159 (во понатамошниот текст : Купувач - превземач).

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е превземање на железен отпаден материјал кој настанува при работењето на ПЕЛАГОНИЈА АД Гостивар и тоа при работа на објектите : Механизација, и Сепарација со асфалтна база.

Член 2

Купувачот е фирма со главна дејнст - постапување со железен отпаден материјал и се обврзува како таква да го превзема целокупниот железен отпаден материјал кој се створа на објектите од чл.1 на овој Договор.

Превземањето на отпадот Кушувачот ќе го врши директно од објектот на Продавачот а со сопствено возило.

Превземањето на отпадот ќе се врши еднаш до два пати во тековниот месец во зависност од количината на создаден отпаден материјал

ВРЕДНОСТ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 3

Цената за килограм на отпадно железо изнесува 11 денари по килограм и ќе се плаќа по изготвена месечна фактура од страна на Продавачот.

Доколку Купувачот има потреба од производи и услуги на Нарачателот дел од плаќањето може да се извршува и по пат на компензација но со претходно склучување на Анекс договор за регулирање на новите обврски кои би произлегле од компензирањето.

Член 4

Во случај на неисполнување на обврските од страна на Купувачот, односно ненавремено плаќање на доспеаните фактури Продавачот има право да прекине со продажбата на отпаден материјал се додека Купувачот не ги подмири доспеаните обврски.

Член 5

Измените и дополнувањата на овој договор може да се вршат само со писмен анекс кон договорот.

Член 6

Овој договор може да биде еднострано раскинат доколку другата договорна страна не ги исполнува или неуредно ги исполнува своите обврски превземени со овој договор. изнесува 15 дена од приемот од денот на известието за раскин на договорот.

Член 7

За правата и должностите на договорните страни кои не се регулирани со овој договор ќе се применуваат одредбите на Законот за облигациони односи.

Член 8

Во случај на спор договорните страни определуваат истиот да се разрешува пред Основен суд Гостивар.

Член 9

Договорот се составува во 4 (четири) идентични примерока, по два за секоја Договорна страна.

| | |
|---|---|
| ПРОДАВАЧ | КУПУВАЧ - ПРЕВЗЕМАЧ |
| ПЕЛАГОНИЈА АД ГОСТИВАР | ЕКО-ОТПАД ДООЕЛ |
| Генерален директор | Управител |
| д.г.и. Смилковски Крсте | Димовски Павле |

ПЕЛАГОНИЈА АД Гостивар

Друштво за производство, промет и услуги
С-ИГОР увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 01
23.12. 2011 год.
КИЧЕВО

05-2153
23.12.11
Гостивар

# Договор за купопродажба на отпадни масла

**Склучен на ден 23.12.2011 год.**

1. Друштво за производство, промет и услуги С-ИГОР увоз извоз Кичево ул."11 Октомври" бр. 222 со ЕДБР 4012001115815 преставувано од управителот Илија Срезоски од една страна (во понатамошниот текст купувач) и

2."ПЕЛАГОНИЈА" АД Гостивар ул."Бул.Браќа Ѓиноски" бб. Гостивар со ЕДБС 4007997114417 претставувано од застапникот-Генерален директор Крсте Смилковски (во понатамошниот текст продавач).

## Член 1

Предмет на овој договор е превземање односно купување на отпадните масла од страна на купувачот кој поседува Дозвола за складирање и преработка на отпад издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање со број 8635/3 од 17.112009 год. Од продавачот.

## Член 2

Купувачот се обврзува по известувањето на продавачот во рок не подолг од седум дена да го превземе маслото со сопствен превоз од плацот на продавачот.

## Член 3

По предходниот усмен договор цената на литар моторни масла ќе биде 4(четири) денари плус ДДВ, а хидрауличните и останатите масла 7(седум) денари плус ДДВ.

## Член 4

Овој договор стапува со сила веднаш по неговото потпишување и е со важност од една година со право за негово продолжување со согласност на двете страни.

## Член 5

За сите евентуални спорови надлежен е да решава Основниот суд во Кичево.

## Член 6

Договорот е сочинет од 4(четири) еднообразни примероци, од кои по два за секоја договорена страна.

КУПУВАЧ

ПРОДАВАЧ